**До**
**Собранието на акционери на ТТК Банка АД**

**Информација за резултатите од извршената оцена на соодветноста за членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 24/18 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 113/19) Надзорниот одбор е должен да изврши оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор.

Во согласност со точка 19 од наведената Одлука, оцена за соодветноста на кандидат за член на Надзорен одбор се врши пред секое именување нов член на Надзорниот одбор од страна на Собранието на Банката.

Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 6.9.2022 година, донесе одлука за именување на Бобан Гоговски и Златко Черепналкоски за членови на Надзорниот одбор на Банката.

Оцените за соодветност на погоре именуваните кандидатите за членови на Надзорниот одбор на Банката беа донесени од страна на Надзорниот одбор на ден 6.9.2022 година.

Во согласност со точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 24/18 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 113/19), Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери на Банката за резултатите од извршените оцени на соодветноста на кандидатите за членови на Надзорниот одбор на Банката.

Врз основа на знаењето и искуството што го имаат, објективноста при одлучувањето, репутацијата и други карактеристики, утврдена е позитивна оцена за соодветноста за именуваните членови на Надзорниот одбор на Банката.

Скопје, март 2023 година **НАДЗОРЕН ОДБОР**